# 2016

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ

**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ**
**ЦАРИНСКА УПРАВА**

# СОДРЖИНА


| | |
|---|---|
| **ВОВЕД** | 4 |
| **1. ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА** | 5 |
| *ТАРИФА* | 6 |
| *ТРАНЗИТ* | 6 |
| *АКЦИЗИ* | 6 |
| **2. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА** | 7 |
| *ПОВРЗУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИТЕ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ* | 7 |
| *ЗАЕДНИЧКИ ТРАНЗИТЕН СИСТЕМ НА ЕУ И ЕФТА ЗЕМЈИТЕ* | 7 |
| *РАЗВОЈ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ СОГЛАСНО ЕУ СТАНДАРДИТЕ* | 7 |
| *ИПА ПРОЕКТИ* | 7 |
| *ЗАВРШЕНИ ИПА ПРОЕКТИ* | 7 |
| *ИПА ПРОЕКТИ ВО ТЕК* | 8 |
| *ИДНИ ИПА ПРОЕКТИ* | 9 |
| *ЦАРИНА 2020 – ПРОГРАМА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА* | 9 |
| *ИНСТРУМЕНТ ЗА ТЕХНИЧКА ПОМОШ ЗА РАЗМЕНА НА ИНФОРМАЦИИ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА (TAIEX)* | 10 |
| *EXBS - ПРОГРАМА ЗА КОНТРОЛА НА ИЗВОЗОТ И ГРАНИЧНА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ АМБАСАДАТА НА САД ВО СКОПЈЕ* | 10 |
| **3. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | 11 |
| *СОСТОЈБА НА ВРАБОТЕНИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА НА 31.12.2016 ГОДИНА* | 11 |
| *ОБУКИ И СТРУЧНО ОСПОСОБУВАЊЕ* | 11 |
| *ИМПЛЕМЕНТИРАНА ЗАЕДНИЧКАТА РАМКА ЗА ОЦЕНКА (CAF)* | 13 |
| *ИНТЕГРИТЕТ* | 13 |
| *ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА* | 14 |
| **4. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ** | 15 |
| *ИЗВЕШТАЈ DOING BUSINESS НА СВЕТСКА БАНКА, ИНДИКАТОР ПРЕКУГРАНИЧНА ТРГОВИЈА* | 15 |
| *УНАПРЕДЕН СИСТЕМ ЗА СЕЛЕКТИВНИ КОНТРОЛИ БАЗИРАН НА АНАЛИЗА НА РИЗИК* | 15 |
| *Е-ЦАРИНА* | 16 |
| *АКРЕДИТИРАН КОМУНИКАЦИСКО-ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА* | 16 |
| *ОБЕМ НА ИЗВРШЕНИ РАБОТИ* | 17 |
| *СОСТОЈБА НА ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА И ЛИЦЕНЦИ* | 17 |
| *ПРЕФЕРЕНЦИЈАЛНО ПОТЕКЛО НА СТОКИТЕ* | 17 |
| *ПРОМЕТ НА ТОВАРНИ МОТОРНИ ВОЗИЛА (ТМВ) НА ГРАНИЧНИТЕ ПРЕМИНИ* | 18 |
| *ОБРАБОТЕНИ ЦАРИНСКИ ДЕКЛАРАЦИИ* | 18 |
| **5. ПРИХОДИ** | 19 |
| *ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО 2016 ГОДИНА* | 19 |
| *ЦАРИНА* | 20 |
| *ДДВ* | 20 |
| *АКЦИЗИ* | 20 |
| *НАДОМЕСТОЦИ* | 20 |

**6. КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ** 21
*УНАПРЕДУВАЊЕ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ* 21
*УПРАВУВАЊЕ СО РИЗИЦИ* 21
*ЦАРИНСКА И ДРУГА КОНТРОЛА* 21
*ФИЗИЧКА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА* 21
*ОТКРИЕНИ СЛУЧАИ НА ШВЕРЦ НА ЦИГАРИ И ДРУГИ ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ* 22
*ОТКРИЕНИ СЛУЧАИ НА НЕЛЕГАЛЕН ПРЕНОС НА ГОТОВИ ПАРИ И ЧЕКОВИ* 23
*ОТКРИЕНИ СЛУЧАИ НА НЕЛЕГАЛНА ТРГОВИЈА СО ЗЛАТО И СРЕБРО* 23
*ОТКРИЕНИ СЛУЧАИ НА ШВЕРЦ НА ДРУГИ ВИДОВИ СТОКА* 23
*ПРИЈАВЕНИ ДЕВИЗИ* 24
*КОНТРОЛА НА АКЦИЗНИ СТОКИ ВО ВНАТРЕШЕН ПРОМЕТ* 24
*ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА* 25
*ЦАРИНСКА ЛАБОРАТОРИЈА* 25
*РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА ПО ЦАРИНЕЊЕ* 26
*КРИВИЧНИ ПРИЈАВИ И ПРИЈАВИ ЗА ЦАРИНСКИ, ДЕВИЗНИ И АКЦИЗНИ ПРЕКРШОЦИ* 26
*УЧЕСТВО ВО МЕЃУНАРОДНИ АКТИВНОСТИ* 26
*ЗАШТИТА НА ПРАВА ОД ИНТЕЛЕКТУАЛНА СОПСТВЕНОСТ* 27

**7. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА** 29
*ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА* 29
*ПОЗНАЧАЈНИ НАСТАНИ* 29
*ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА 26-ТИ ЈАНУАРИ - СВЕТСКИОТ ДЕН НА ЦАРИНАТА* 29
*ПРОМОТИВНИ КАМПАЊИ* 30
*ОПШТЕСТВЕНА ОДГОВОРНОСТ* 30
*КРВОДАРИТЕЛСКА АКЦИЈА* 30
*ХУМАНИТАРНА ПОМОШ ЗА 13 СОЦИЈАЛНО ЗАГРОЗЕНИ СЕМЕЈСТВА* 30
*ХУМАНИТАРНА АКЦИЈА ЗА ВРАБОТЕНИТЕ НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА КОИ ПРЕТРПЕА ЗНАЧИТЕЛНИ ШТЕТИ ОД ПОПЛАВИТЕ* 30
*УЧЕСТВО ВО АКЦИЈАТА „ДЕН НА ДРВОТО - ЗАСАДИ ЈА СВОЈАТА ИДНИНА!“* 31
*СКЛУЧЕНИ МЕМОРАНДУМИ ЗА СОРАБОТКА* 31
*ЦАРИНСКА СОРАБОТКА* 32
*СОВЕТОДАВНО ТЕЛО* 32
*СРЕДБИ СО БИЗНИС ЗАЕДНИЦАТА* 32
*ЦАРИНСКАТА УПРАВА ГО ОБНОВИ СЕРТИФИКАТОТ ЗА ISO 9001:2009* 32
*БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА* 33
*СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЦАРИНСКИТЕ АДМИНИСТРАЦИИ НА МАКЕДОНИЈА И АЛБАНИЈА* 33
*СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И НАРОДНА РЕПУБЛИКА КИНА* 33
*БИЛАТЕРАЛНА СРЕДБА ПОМЕЃУ ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБИ НА МАКЕДОНИЈА И КОСОВО* 33
*БИЛАТЕРАЛНА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБИ НА МАКЕДОНИЈА И СРБИЈА* 33
*МЕЃУНАРОДНА СОРАБОТКА* 34
*КОНФЕРЕНЦИЈА НА ДИРЕКТОРИТЕ НА ЦАРИНСКИТЕ УПРАВИ ОД ЕВРОПСКИОТ РЕГИОН НА СЦО* 34
*РЕГИОНАЛНА РАБОТИЛНИЦА ЗА ПРИМЕНА НА СПОГОДБАТА ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА* 34
*СЕДНИЦА НА СОВЕТОТ НА СВЕТСКАТА ЦАРИНСКА ОРГАНИЗАЦИЈА* 35
*УЧЕСТВО НА СЕМИНАР ЗА ОЛЕСНУВАЊЕ НА ТРГОВИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА КОРЕЈА* 35
*СЕМИНАР „Е-ТРГОВИЈАТА КАКО МОЖНОСТ ИЛИ ПРЕДИЗВИК ЗА ЦАРИНСКИТЕ СЛУЖБИ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА“* 35
*ИНТЕРНЕТ И ИНТРАНЕТ* 35
*ОТВОРЕНА ЦАРИНСКА ТЕЛЕФОНСКА ЛИНИЈА (197)* 36

# ВОВЕД

На патот кон постојано модернизирање, имаме тенденција да ги унапредуваме стандардите на современа служба и да останеме сконцентрирани на „поедноставувањето“ како главна одредница. Притоа, континуирано ја манифестираме нашата заложба да ги исполниме очекувањата на нашите вработени, клиенти, партнери и соработници, во насока на ефикасно и економично работење.

Резултатите кои ги постигнавме во минатата година се видливи и мерливи. Би ги издвоиле:

- **Високото 27 место на Република Македонија кај индикаторот Услови за прекугранично тргување** (Trading Across Borders) помеѓу 190 земји во светот во најновиот Извештај Doing Business. Одржувањето на оваа висока позиција, имајќи го предвид и фактот што сме земја која не излегува на море, се должи на реализацијата на низа проекти и мерки од страна на Царинската управа на планот на олеснување и забрзување на трговијата и транспортот;
- **Унапредувањето на системот за селективни контроли,** што резултираше со намалување на бројот на физички и документарни прегледи, при истовремено зголемување на бројот на откриени неправилности и дополнителната наплата на царински и други давачки. Процентот на обработени декларации на годишно ниво, на таканаречениот „црвен“ канал (физички преглед), на почетокот на реализацијата на проектот изнесуваше 30%, а во 2016 година е намален на 8,8%. Процентот на декларации кои се доделени на т.н. „жолт“ канал (документарен преглед), од 35% е намален на 16,5%;
- **Значителен успех при наплата на давачките во надлежност на Царинската управа,** како давачки при увоз (царина, данок на додадена вредност, акцизи и надоместоци), така и наплата на акциза во внатрешен промет. Царинската управа на Република Македонија ја заврши 2016 година со вкупно остварени приходи во износ од 72,9 милијарди денари, што е за 8,5%, повеќе од остварените приходи во 2015 година, а за 5,5%, повеќе во однос на планираните приходи за 2016 година;
- **Успешно реализирани два твининг проекти:** Проектот „Хармонизација на законодавството и постапките со законодавството и добрата практика на ЕУ во областа на акцизите“ (ИПА 2010) со Царинската служба на Австрија како твининг партнер и Проектот „Завршување на постапката за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзитни постапки и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата со стока“ (ИПА 2010), со Царинската служба на Словенија како твининг партнер.

Постигнатите резултати ја отсликуваат посветеноста, ентузијазмот и систематската работа на вработените во Царинската управа. Ова е начин на кој ќе продолжиме да работиме и во иднина, како сигурен пат кон успехот.

# 1. ЦАРИНСКА РЕГУЛАТИВА

Во текот на 2016 година донесени се следните акти и регулативи во врска со царинското работење:

- **Ратификуван е Протоколот кон Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија од една страна и Европските заедници и нивните земји-членки од друга страна**, со кој се зема предвид пристапувањето на Република Хрватска во Европската унија.
- Донесен е **Закон за ратификација на измената на Протокол 4 на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Европските заедници и нивните земји членки од една страна и Република Македонија од друга страна,** со што се воведува можност за примена на Регионалната конвенција за Паневромедитерански преференцијални правила за потекло и за прв пат се создава можност за примена на кумулација меѓу Република Македонија, Европска унија и ЕФТА државите.
- Врз основа на Законот за вршење на работи за застапување во царинските постапки, донесен е **Правилник со кој се определуваат критериумите за начинот и постапката за спроведување на стручниот испит за лиценциран застапник.**
- Донесен е **Правилник за висината и начинот на определување на реално направените трошоци во прекршочна постапка пред прекршочниот орган на Царинската управа** со кој се пропиша висината на трошоците во прекршочната постапка.
- Објавен е новиот **Правилник за формата и содржината на мандатниот платен налог** со кој се пропишува формата и содржината на мандатниот платен налог и тоа за физичко лице и за правно лице, односно трговец поединец.
- **Извршена е измена на Правилникот за системот на наградување на царински службеници** со што се утврди дека јубилејната награда се доделува во вид на паричен износ изразен како процент од просечната нето плата на ниво на Царинска управа исплатена во последните три месеци.
- **Измена на Правилникот за унапредување на царинските службеници во Царинската**



**управа** со што се доуредуваат условите и начинот на унапредување на царинските службеници што се спроведува преку објавување на интерен оглас.

## ТАРИФА

- Во текот на 2016 година, во два наврати објавени се **Листи на стоки кои се увезуваат во рамки на тарифни квоти со намалени или укинати царински давачки кои ќе се применуваат во второто полугодие на 2016 година, односно во првото полугодие на 2017 година.** Објавените листи се однесуваат за увоз во рамките на пропишаните квоти на стоки со потекло од Европската Унија, Турција, Украина, Швајцарска конфедерација, Норвешка, како и стоки со потекло од земјите членки на Светската трговска организација. Распределбата на тарифните квоти се одвива по принципот „прв дојден, прв корисник“ преку информацискиот систем EXIM.
- Во текот на годината извршени се четири измени и дополнувања на **Уредбата за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската комисија**, со кои се усвоени вкупно 35 нови регулативи на ЕУ донесени во периодот од 1 јули 2015 година до 30 јуни 2016 година, а кои се однесуваат на распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура.
- Објавена е **Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2017 година**, со која се усогласува и менува номенклатурата на Царинската тарифа согласно измените на Комбинираната номенклатура, донесени од страна на Европската комисија, кои се однесуваат на системот на имиња на стоката, системот на нумеричко означување, единичните мерки, како и забелешките кон соодветните оддели и глави.

## ТРАНЗИТ

Со измените и дополнувањата на **Конвенцијата за заедничка транзитна постапка** (консолидирана верзија) од 2016 година ратификувани се измените на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка поврзани со пристапувањето на Република Македонија и на Република Србија кон конвенцијата, извршено е бришење на Прилогот со листа на стока со поголем ризик од измама, направени се измени во видовите на поедноставени транзитни постапки и условите кои треба да се исполнат заради добивање на одобрение за нивно користење, како и измени во однос на употреба на општата гаранција и случаите во кои не е потребно да се обезбеди гаранција.

## АКЦИЗИ

Во текот на 2016 година се донесени следните акти и регулативи во врска со акцизното работење:

- **Донесен е Законот за изменување и дополнување на Законот за акцизите,** со кој се воведе нова категорија акцизни обврзници – мали независни производители на пиво, се овозможува ослободување од плаќање на акциза на сите патнички возила со хибриден погон, а направени се и измени во прекршочните одредби.
- **Извршени се измени на Правилникот за спроведување на Законот за акцизите**, со кој е намален количинскиот услов за акцизен склад за алкохол и алкохолни пијалоци и се додадени нови типови на контролни марки за обележување на меѓупроизводи и етил алкохол и за обележување на тутунски добра. Со измените на овој Правилник пропишани се и документите од надлежните инспекциски органи кои се приложуваат кон барањето за издавање на акцизна дозвола.

**Усогласување со Законот за општата управна постапка**

Сите закони во надлежност на Царинската управа беа усогласени со измените на Законот за општата управна постапка, а се извршија промени со укинување на можноста за водење на второстепена управна постапка и овозможување на директно поведување на управен спор.

# 2. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

*Активностите насочени кон перманентно усогласување и примена на царинското законодавство на ЕУ во Република Македонија имаат посебно место во агендата на Царинската управа, во насока на исполнување на техничките и организациските барања, развој на административниот капацитет и проширување на јавната свест за начинот и филозофијата на функционирањето на Царинската унија.*

## ПОВРЗУВАЊЕ СО ЦАРИНСКИТЕ ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ

### Заеднички транзитен систем на ЕУ и ЕФТА земјите

На 1 јули 2015 година Република Македонија стана дел од транзитниот систем на Европската унија

Конвенциите за заедничката транзитна постапка и за поедноставување на формалностите при трговија со стока обезбедуваат единствено движење на стоката во рамките на земјите членки, од една влезна точка до местото на завршување на транзитната постапка, без разлика на тоа низ колку држави и гранични премини стоката треба да транзитира. Електронската транзитна декларација со која е започната транзитна постапка во која било земја членка на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка е прифатлива за сите земји членки на Конвенцијата.




Со пристапување на Република Србија кон овие Конвенции - од 1 февруари 2016 година, Пан европскиот коридор 10 добива дополнителна важност на поширок меѓународен план.

## РАЗВОЈ НА АДМИНИСТРАТИВНИОТ КАПАЦИТЕТ СОГЛАСНО ЕУ СТАНДАРДИТЕ

### ИПА проекти

Една од приоритетните активности на Царинската управа е насочена кон развој на административниот и институционалниот капацитет, согласно ЕУ стандардите.

Царинската управа се јавува како корисник на средства за проекти во рамки на Националната програма за искористување на фондовите од Инструментот за претпристапна помош (ИПА)

### Завршени ИПА проекти

➢ **Проектот „Хармонизација на законодавството и постапките со законодавството и добрата практика на ЕУ во областа на акцизите“** (ИПА 2010), започна во првиот квартал на 2015 година, се реализираше со помош на Царинската служба на Австрија како твининг партнер и заврши во  ноември 2016 година. Целта на овој проект беше целосно усогласување на националното законодавство поврзано со акцизите со она на ЕУ, како и зајакнување на административните и оперативните капацитети на Царинската управа во процесот на исполнување на европските стандарди

во оваа област. Како резултат на проектните активности подготвен е нацрт Закон за акцизите кој е во голема мера усогласен со директивите на ЕУ и ги опфаќа најдобрите практики и процедури од повеќе земји членки на ЕУ. Законот содржи одредби кои се применливи веднаш и одредби кои ќе бидат применливи по пристапувањето на Република Македонија кон ЕУ. Исто така, подготвени се и три нацрт правилници кои поблиску го определуваат начинот на спроведување на одредбите од законот. Подготвени се и кореспондентни табели за усогласеност на законот со прописите на ЕУ, кои претставуваат клучен индикатор за мерење на успешноста на овој проект.

➢ **Проектот „Завршување на постапката за пристапување кон Конвенцијата за заеднички транзитни постапки и Конвенцијата за поедноставување на формалностите во трговијата со стока“** (ИПА 2010), започна во втората половина од 2014 година во соработка со Царинската служба на Словенија како твиниг партнер, а заврши во мај 2016 година. Како резултат на проектните активности организирани беа 89 работилници од следните области: заеднички транзит, користење на ЕЦД, електронско царинење, царински долг и гаранции, поедноставени царински постапки, постапки со економски ефект, забрани и ограничувања, пост-царински контроли и Царински законик на Унијата. Дополнително со законодавството на ЕУ беа усогласени Царинскиот закон и Уредбата за спроведување на Царинскиот закон, подготвени и преработени беа неколку упатства и инструкции во согласност со најновите и најдобри практики на ЕУ.

➢ **Проектот „Техничка помош за тестирање на функционалностите и интерконективноста на царинските ИТ системи во Царинската управа“** (ИПА 2011), чија имплементација траеше 12 месеци (започна во октомври 2015 година и заврши во октомври 2016 година), обезбеди усогласеност со барањата на ЕУ и проверка на соодветноста на интерфејсите и интероперативноста помеѓу Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) со Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС), Интегрираната тарифна околина (ITE), Системот за контрола на увозот (ICS), Системот за контрола на извозот (ECS) и Контролниот систем за движењето на акцизи (EMCS) на ЕУ.

## ИПА проекти во тек

➢ **„Зајакнување на административните капацитети за исполнување на обврските за членство – Спроведување на правата од интелектуална сопственост “** (ИПА 2011)



- Започна во јануари 2016 година и ќе трае 19 месеци, се спроведува во соработка со Канцеларијата за патенти и трговски марки на Кралството Данска, Државниот завод за индустриска сопственост и Царинската управа.
- Цел е зајакнување на капацитетот на Царинската управа во областа на заштита на правата од интелектуална сопственост, подигнување на јавната свест во областа на спроведувањето и заштитата на правата од интелектуална сопственост.

➢ **„Техничка помош за изработка на идеен проект, основен проект и тендерска документација за изведбени работи на граничните премини Табановце и Ќафасан“** (ИПА 2011)

- Цел е подготвка на техничка документација за надградба на граничните премини за патен промет Табановце и Ќафасан.
- Резултат ќе биде подобрување на инфраструктурата на двата премини и ќе ја зголеми пропусната моќ на премините, намалување на времето потребно за вршење на граничните формалности, овозможување на примена на современи средства за инспекција, забрзување и олеснување на стоковата размена, олеснување и забрзување на транспортот долж Пан - европските коридори 8 и 10.



➢ **„Надградба на објектите за царинење на Граничниот премин за патен промет Табановце“** (ИПА 2012)

- Цел е проширување и пренамена на постојниот терминал за увоз и извоз на стока за дополнителни 4.000 метри квадратни, изградба на две коловозни ленти на граничниот премин за излез од Република Македонија, изградба на придружни објекти.

➢ **„Реконструкција на објектите за царинење и инспекција на Граничниот премин за патен промет Ќафасан“** (ИПА 2013)

- Цел е изградба на нов увозно-извозен царински терминал од 9.500 метри квадратни, пристапни патишта, објекти за царинење и за други инспекциски органи, реконструкција на постојните објекти.

## Идни ИПА проекти

➢ **„Зајакнување на оперативни и институционални капацитети на Царинската управа“** (ИПА 2013)

- Ќе започне во 2017 година и ќе трае 21 месец.
- Цел на проектот е зголемување на ефикасноста при откривање и спречување на царински измами преку поефикасни и таргетирани контроли, засилување на капацитетите за контроли по царинење, примена на современи лабораториски методи и средства, олеснување на трговијата преку усовршување на анализата на ризик согласно стандардите на ЕУ, обезбедување на опрема за царинска лабараторија.

## Царина 2020 – Програма на Европската комисија

Царинската управа активно учествува во Програмата на Европската комисија „Царина 2020“, финансирана од средства на ЕУ и кофинансирана од Буџетот на Република Македонија. Учеството во програмата е значајно за Царинската управа бидејќи овозможува соработка, размена на информации и најдобри пракси со царинските служби на земјите членки на ЕУ, земјите кандидати и потенцијалните земји кандидати. Во рамките на оваа програма, во 2016 година учествуваа 36 претставници на Царинската управа на 20 настани, кои добија можност да воспоставаат поблиски контак-

ти со своите колеги од други земји и да разменуваат знаење, експертиза и искуства.

## Инструмент за техничка помош за размена на информации на Европската комисија (TAIEX)

Царинската управа во 2016 година, преку TAIEX одржа работилница во Скопје на тема „Анализа на ризик во транзитна постапка“. Целта на работилницата беше учесниците да ја разберат примената на Конвенцијата за заедничка транзитна постапака, особено во областа на анализа на ризик во транзитна постапка.

Претставници од Царинската управа учествуваа уште на 2 работилници организирани преку инструментот TAIEX од други институции: „Прекумерна класификација на информациите во корелација со објективното препознавање на потребата за поседување безбедносен сертификат – најдобри практики и искуства“ (организирана од Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации) и „Интегриран пристап во заштита на културното наследство и анализа на ризик во транзитна постапка“ (организирана од Министерството за внатрешни работи).

## EXBS - Програма за контрола на извозот и гранична безбедност при Амбасадата на САД во Скопје

Во текот на 2016 година, Програмата EXBS на Амбасадата на САД во Република Македонија, во три наврати на Царинската управа и донираше опрема и тоа: 5 видеоскопски инспекциски системи наменети за спречување на незаконско тргување со стоки, во вредност од околу 52 илјади американски долари, 7 пејџери за откривање на радијација во вредност од околу 9 илјади американски долари, како и опрема за патролни чамци во вредност од 15 илјади долари. Во изминатите десетина години, Амбасадата на САД преку Програмата EXBS ѝ донираше на Царинската управа оперативна опрема во вредност од над 2 милиони американски долари, со обезбедени обуки за користење на истата, а со цел да се унапреди целокупното царинско работење и да се остварат подобри резултати во олеснувањето на меѓународната трговија и зачувување на безбедноста на општеството. Од почетокот на 2016 година, физичката царинска контрола, која меѓу другото се спроведуваше со користење на опремата донирана преку Програмата EXBS на Амбасадада на САД во Република Македонија, резултираше со над 300 успешни наоди. Организирани беа и обуки што претставуваат поддршка за севкупното царинско работење.



# 3.ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ

*Царинската управа и во 2016 година континуирано инвестираше во унапредување на управувањето со човечките ресурси кои се ценат за движечка сила за постигнување на поставените стратешки цели за интеграцијата во ЕУ и зголемување на ефикасноста во работата на институцијата.*

### Состојба на вработени во Царинската управа на 31.12.2016 година

| Број на вработени во Царинска управа ->1132 | | | |
|---|---|---|---|
| **Статус на вработени службеници** | | **Степен на стручна подготовка** | |
| функционери | 2 | доктор на науки | 1 |
| | | магистри | 35 |
| царински службеници | 1012 | високо образование | 643 |
| административни службеници | 12 | вишо образование | 16 |
| работници | 106 | средно образование | 410 |
| вкупно | 1.132 | друго | 27 |
| **59,98% од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование** | | | |

### Обуки и стручно оспособување

***Континуирани обуки се предуслов за достигнување на потребните знаења, вештини, професионален развој на вработените и поддржуваат полесно напредување во кариерата.***

За обезбедување на поголема ефикасност и подобра работна изведба на вработените, Царинската управа донесе **Насока за имплементција на царински компетенции во Царинската управа,** со која се пропишува постапката за оценување на работната изведба и постапката на утврдување на потребите за обуки на царинските службеници, согласно дефинираните оперативни компетенции во Речникот на царински компетенции на Царинската управа. Царинската управа отпочна со имплементација на Рамката на царински компетенции за царински службеници донесена од Европската комисија и прифатена од Светската царинска организација како системски документ кој ги опфаќа потребните знаења, вештини и ставови што треба да ги по-



седува царинскиот службеник за соодветното работно место. Донесена е и **Програма за основна обука за царински надлежности на царинските службеници** со која се утврдуваат целните групи на учесници на основни обуки, видот и времетраењето на обуките, нивна содржина и начин на спроведување, целите кои треба да се постигнат по одржувањето на обуките и ресурси потребни за нивна реализација. Во Програмата целите, темите и содржината на основната обука се дефинираат согласно Рамката на компетенции.

Од Годишниот план за обуки и стручно оспособување и усовршување за 2016 година реализирани се 78,6% од предвидените специјализирани обуки.

233 спроведени активности за стручно оспособување на царинските службеници
2.074 вкупно учесници
15,8 просечен број часови на обука по вработен

Како позначајни обуки во 2016 година се издвојуваат:

- земање и постапување со мостри;
- проценка на ризик и селективност;
- потекло и измените на Договорот ЦЕФТА;
- преглед и претрес на багаж, возила и лица и интервју на патници;
- препознавање и идентификување на фалсификувани и шверцувани тутунски производи;
- борба против фалсификување и пиратерија;
- заштита на тајноста и заштита на обработката на лични податоци;
- акцизни постапки и контрола на акцизни добра во малопродажба;
- основи на сметководство и поднесување на ДДВ пријави.

Во соработка со стопанските комори, економските оператори и другите институции беа организирани и реализирани 23 настани во вид на советувања, презентации и обуки, на кои учествуваа 568 претставници од бизнис заедницата  и вработени на институции чии работни процеси вклучуваат царинска постапка. Темите разработени на овие настани опфатија:

- правила на потекло;
- правила за распоредување на царинска стока согласно Законот за Царинска тарифа;
- измени во Конвенцијата за заедничка транзитна постапка;
- поедноставување и усогласување на царински постапки;
- Конвенција за заеднички транзит, концепт на овластен економски оператор и заштита на правата од интелектуална сопственост за трговската марка „UGG“.

Обуките што беа организирани за царинските застапници беа конципирани според 4 целни групи (одржани две сесии во Скопје и по една сесија во Кавадарци и Битола)

88 студенти од факултетите со кои се склучени меморандуми за соработка имаа можност преку практикантска работа да се запознаат со улогата и надлежностите на Царинската управа.

## Имплементирана заедничката рамка за оценка (CAF)

Во 2016 година беше имплементирана Заедничката рамка за оценка (Common Assessment Framework - CAF) како една од најдобрите европски пракси за воведување на систем на целосно управување со квалитет во јавните институции. Царинската управа ја воведе оваа алатка согласно насоките утврдени од Европскиот институт за јавна администрација и согласно националната регулатива со која се уредува воспоставувањето на Заедничката рамка за оценка во државна служба, според Законот за воведување на систем за управување со квалитетот и заедничката рамка за процена на работењето и давањето на услуги во државната служба. При имплементацијата беше ангажирана целата организациска структура која донесе План за подобрување на состојбите во Царинската управа на Република Македонија, што вклучува и детална матрица за акцискиот план на мерките за подобрување на состојбите, како и методологија за следење на Планот за подобрување.

## Интегритет

***Збирот од сите политики, стандарди и процедури воспоставени во една организација кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на нејзините вработени го означува системот за интегритет. Интегритет на ниво на една организација значи „отпорност на корупција“.***

Во 2016 година се спроведени **80 внатрешни истраги** врз основа на Планот на активности на Секторот за професионална одговорност, примените поплаки кои се однесуваат на незаконско и непрофесионално постапување на вработените, информациите примени на отворената царинска линија 197, во кои се содржани наводи за непрофесионално однесување на царински службеници, како и врз основа на информациите што ги доставуваат или непосредно ги презентираат раководителите на организационите единици и вработените во Царинската управа. Притоа, во 37 случаи се утврдени неправилности во врска со непочитувањето на законските одредби, подзаконските акти, упатствата, како и одредбите од Правилата за ред и дисциплина во Царинската управа и Кодексот на однесување на царинските службеници и се дадени предлог мерки за отстранување на истите.

Во врска со постапувањето на вработените согласно позитивните законски одредби, подзаконските акти и оперативните инструкции на Царинската управа беа извршени **57 внатрешни контроли.** Во 23 случаи се констатирани неправилности во постапувањето.

Преку отворената царинска телефонска линија (197) беа примени 32 поплаки и 5

| Број на спроведени внатрешни истраги/контроли по организациски единици | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Организациона единица | 2015 | | 2016 | |
| | спроведени внатрешни истраги | спроведени внатрешни контроли | спроведени внатрешни истраги | спроведени внатрешни контроли |
| Централна управа | 22 | 24 | 13 | 23 |
| Царинарница Скопје | 25 | 19 | 17 | 21 |
| Царинарница Куманово | 26 | 9 | 30 | 6 |
| Царинарница Штип | 5 | 5 | 3 | 1 |
| Царинарница Гевгелија | 14 | 9 | 14 | 4 |
| Царинарница Битола | 16 | 5 | 3 | 2 |
| **Вкупно** | **108** | **71** | **80** | **57** |




**ЦУРМ имаше највисок степен на реализација на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и судир на интереси 2011 – 2015 од вкупно 11 сектори**

„online“ пријави за незаконско, непрофесионално и коруптивно постапување на царинските службеници, пристигнати преку сервисот за пријавување на корупција на Интернет страницата на Царинската управа, за кои се спроведени активности/истрага и контрола за утврдување на основаноста на нивната содржина. Само во еден пријавен случај е утврдена основаност на поплаката и постапување спротивно на законската регулатива и интерните акти на Царинската управа. Истражните активности што се спроведуваат по една пријава се сеуште во тек.

За реализација на државните програми за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси Царинската управа донесе „План за спроведување на активностите од Државната програма за превенција и репресија на корупцијата и превенција и намалување на појавата на судирот на интереси 2016-2019 година“.



Во насока на олеснување на секојдневното работење и овозможување на правилна примена на законската и подзаконска регулатива, на Интранет страната на Царинската управа беше објавен **„Водич за најчести грешки и пропусти во севкупното работење“ за 2016 година.**

Во 2016 година квартално беше ревидиран и изработуван **Регистарот на ризични точки во царинското работење подложни на корупција,** кој претставува корисна алатка за перманентно и ефикасно справување со можните кршења на царинското законодавство.

Во текот на 2016 година по вторпат беше **спроведена внатрешна анкета** во која учествуваа 26,21% од вработените лица, а која имаше за цел да го истражи **нивото на изложеност на злоупотреба на службените должности и појава на коруптивни активности**, преку искажано мислење на вработените за тоа колку Царинската управа успешно и ефикасно ги спроведува активностите за спречување на овие појави.

Царинската управа учествуваше во твининг проектот ИПА 2010 „Поддршка за ефикасна превенција и борба против корупцијата“ и во активности за ажурирањето на Методологијата за релевантен статистички систем за мониторинг на антикорупциската политика.

## Внатрешна ревизија

Во 2016 година во Царинската управа беа извршени 19 внатрешни ревизии. Врз основа на извршените ревизии беа утврдени 54 наоди и беа дадени 57 препораки за подобрување на работењето во Царинската управа.

Од вкупно дадените препораки 50 препораки целосно се реализирани, 2 препораки делумно реализирани и една препорака не е реализирана. 4 препораки се во фаза на реализација.

# 4. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

*Царинската управа перманентно работи на одржување на постојните и воведување на нови можности за олеснување и забрзување на царинските постапки и условите за нивно спроведување, со поддршка од информатичка и комуникациска технологија.*

### Извештај Doing Business на Светска Банка, индикатор Прекугранична трговија

Како резултат на посветеното работење за реализација на економските политики на Владата, Република Македонија во најновиот Извештај Doing Business е рангирана на високото 10 место помеѓу 190 земји во светот.

*Во најновиот Извештај Doing Business, Република Македонија кај индикаторот Услови за прекугранично тргување (Trading Across Borders) го задржа високото 27 место и е на истиот ранг како и претходната година. Имајќи предвид дека во 2007 година се наоѓавме на 127 место, достигнувањето и одржувањето на оваа висока позиција, особено со оглед на тоа што сме земја која не излегува на море, се должи на реализацијата на низа проекти и мерки од страна на Царинската управа, на планот на олеснување и забрзување на трговијата и транспортот.*

Во рамките на своите надлежности Царинска управа и понатаму ќе продолжи посветено да работи на подобрување на деловната клима.

### Унапреден систем за селективни контроли базиран на анализа на ризик

| Намален процентот на физички и документарни прегледи | |
|---|---|
| **2014** | **2016** |
| Физички преглед 30% | Физички преглед 8,8% |
| Документарен преглед 35 % | Документарен преглед 16,5% |

Со унапредување на системот за селективни контроли, односно со нивно правилно насочување, во претходниот период царинските контроли беа намалени, а процентот на пратки процесирани преку зелениот канал (слободно преминување на стоките) беше удвоен од 35% на 75%.

Намалениот интензитет на вршење на царинска контрола овозможи забрзување на царинската постапка за економските оператори кои ги почитуваат царинските и други прописи поврзани со увозот и извозот на стоки и зголемување на ефикасноста и ефективноста во царинското работење при вршење на контроли.

На годишно ниво процентот на обработени декларации на таканаречениот „црвен" канал (физички преглед), кој на почетокот на реализацијата на проектот изнесуваше 30% од вкупно обработените декларации, во 2016 година беше сведен на 8,8%.

Процентот на декларации кои се проследени на т.н. „жолт" канал (документарен преглед) во 2016 година од 35% се намали на 16,5%. **Иако бројот на физички и документарни прегледи беше намален, се зголеми бројот на откриени неправилности и случаи на дополнителна наплата на царински и други давачки.**



Бројот на откриени неправилности во 2016 година е за 13,5% поголем во споредба со неправилностите откриени во 2015 година. Дополнителната наплата на приходи по констатирање на неправилности откриени при вршење на контроли во 2016 година е во износ поголем за околу 23%, споредено со дополнителната наплата од 2015 година, што укажува на повисоко ниво на ефикасност и ефективност во работењето.

Просечното време за спроведување на увозната постапка е намалено за околу 30%, во споредба со просечното време регистрирано пред започнување на проектот.

## Е-ЦАРИНА

### Акредитиран комуникациско-информатички систем на Царинската управа

По успешното завршување на процесот за безбедносна акредитација на комуникациско - информатичкиот систем на Царинската управа за класифицирани информации, на 24 јуни 2016 година на Царинската управа ѝ беше доделен Сертификат за безбедност, од страна на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации. Со ова Царинската управа се здоби со единствен акредитиран комуникациско-информатички систем што се користи за создавање и обработка на класифицирани информации.


ДИРЕКЦИЈА ЗА БЕЗБЕДНОСТ
НА КЛАСИФИЦИРАНИ ИНФОРМАЦИИ

Врз основа на член 28 од Законот за класифицирани информации („Службен весник на РМ" бр 9/04, 145/10, 80/12 и 41/14) и член 7 од Уредбата за информатичка безбедност на класифицирани информации („Службен весник на РМ" бр 16/05), Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации издава

**СЕРТИФИКАТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ**

за комуникациски – информатички систем

СИ-ДО

Регистарски број: C0003

Носител на сертификатот: Царинска управа на Република Македонија

Седиште: Скопје, Република Македонија

Со овој сертификат за безбедност се верификува безбедноста на комуникациско - информатичкиот систем и се одобрува процесирање на класифицирани информации до степен на класификација

ДОВЕРЛИВО

Важи од: 24.06.2016
Важи до: 23.06.2019

ДИРЕКТОР
д-р Александар Нацев

М.П.

Датум на издавање: 23.06.2016
Верзија: 1.1

## EXIM

Електронскиот едношалтерски систем за издавање на увозни и извозни дозволи и тарифни квоти – EXIM (во функција од 2008 година) од година во година станува сè пософистициран и овозможува зголемена ефикасност во забрзување на царинските постапки, а континуирано расте и бројот на неговите регистрирани корисници.

Најголем број од дозволите издадени минатата година се однесуваат на увоз на прехранбени производи (околу 35 илјади), ветеринарни документи (околу 14 илјади), потврди за органолептички преглед (околу 13 илјади), согласности за царинење на стока за општа употреба (околу 10 илјади) и лекови и медицински помагала (околу 9 илјади).

**СТАТИСТИЧКИ ПОДАТОЦИ ЗА РАБОТАТА НА EXIM во 2016**

Број на инволвирани државни институции - **17**

↓

*Број на дозволи што можат да се добијат преку EXIM* - ***60***

↓

Регистрирани **6.391** економски оператори – корисници на системот

↓

Увозни, извозни и транзитни дозволи издадени преку EXIM - **88.751**

↓

Барања за тарифни квоти поднесени преку EXIM - **6.954**

↓

Просечно време за добивање на дозвола преку EXIM - **3** часа

### Обем на извршени работи

### Состојба на царински и акцизни одобренија и лиценци

| СОСОТОЈБА НА ЦАРИНСКИ И АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА | | |
|---|---|---|
| **Вид на одобрение** | **2015** | **2016** |
| **ЦАРИНСКИ ОДОБРЕНИЈА** | | |
| **Одобрение вршењеработи на застапување во царински постапки** | **319** | **328** |
| **Лиценца за царинско застапување** | **1,243** | **1,316** |
| **Царински постапки со економски ефект** | **5,606** | **5.362** |
| Одобрение за увоз за облагородување | 169 | 167 |
| Одобрение за извоз за облагородување | 16 | 13 |
| Одобрение за царинско складирање | 82 | 82 |
| Преработка под царинска контрола | 1 | 1 |
| Одобренија за еднократна примена | 5,338 | 5.099 |
| **Поедноставени царински постапки** | **230** | **215** |
| Одобрение за локално царинење при увоз | 51 | 48 |
| Одобрение за локално царинење при извоз | 73 | 75 |
| Одобрение за овластен примач во транзит | 70 | 60 |
| Одобрение за овластен испраќач | 34 | 29 |
| Одобрение за поедноставено декларирање | 2 | 3 |
| **Задолжителна тарифна информација** | **558** | **585** |
| **Одобрение за одобрен извозник** | **120** | **131** |
| **Одобрение за одложено плаќање на долг** | **171** | **141** |
| **АКЦИЗНИ ОДОБРЕНИЈА** | | |
| **Акцизни дозволи** | **83** | **84** |
| **Одобренија за акцизно повластено користење** | **342** | **320** |
| **Вкупно** | **8,670** | **8,428** |

### Преференцијално потекло на стоките

| ВКУПНО КОРИСТЕЊЕ НА ДОГОВОРИТЕ ЗА СЛОБОДНА ТРГОВИЈА (Во милијарди денари) | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **Договорна страна** | **Увоз и извоз во 2015** | | **Увоз и извоз во 2016** | |
| | **Вкупно** | | **Вкупно** | |
| | **МКД** | **%** | **МКД** | **%** |
| **ЕУ** | 301,4 | 81,6 | 322,9 | 82,0 |
| **ЕФТА** | 1,5 | 0,4 | 1,6 | 0,4 |
| **ЦЕФТА** | 51,0 | 13,8 | 53,0 | 13,5 |
| Албанија | 4,3 | 1,2 | 4,4 | 1,1 |
| Б и Х | 7,8 | 2,1 | 8,0 | 2,0 |
| Црна Гора | 1,7 | 0,4 | 1,9 | 0,5 |
| Косово | 9,1 | 2,5 | 10,1 | 2,6 |
| Србија | 28,1 | 7,6 | 28,5 | 7,2 |
| Молдавија | 0,1 | 0,0 | 0,2 | 0,0 |
| **Турција** | 15,0 | 4,1 | 16,2 | 4,1 |
| **Украина** | 0,3 | 0,1 | 0,3 | 0,1 |
| **ВКУПНО** | **369,2** | **100,0** | **393,9** | **100,0** |

Република Македонија има склучено договори за слободна трговија со Турција, Украина и државите членки на ЕУ, ЕФТА и ЦЕФТА.

Реализираниот надворешен трговски промет во 2016 година, за кој е користен **доказ за преференцијално потекло**, изнесува 393,9 милијарди денари, што претставува зголемување во однос на надворешниот трговски промет реализиран во 2015 (369,2 милијарди денари). Најголем дел од овој промет е остварен со земјите членки на ЕУ и изнесува 322,9 милијарди денари (82%). Размената

| Граничен премин | | | Косово | | | Србија | | | Бугарија | | | | Грција | | | | Албанија | | | | | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Блаце | Јажинце | Вкупно | Табановце | Пелинце | Вкупно | Деве Баир | Делчево | Ново Село | Вкупно | Дојран | Богородица | Меџитлија | Вкупно | Стење | Ќафасан | Св. Наум | Блато | Вкупно | |
| 2015 | Вкупно | Полни | 35,4 | 0,0 | **35,4** | 169,4 | 0,0 | **169,4** | 23,7 | 15,8 | 22,4 | **62,0** | 30,6 | 162,5 | 6,2 | **199,2** | 0,4 | 44,2 | 0,0 | 0,8 | **45,3** | 511,4 |
| | | Празни | 68,3 | 4,2 | **72,4** | 58,2 | 0,1 | **58,4** | 20,6 | 16,5 | 22,9 | **59,9** | 19,9 | 109,8 | 13,9 | **143,6** | 1,3 | 31,9 | 0,6 | 2,3 | **35,9** | 370,4 |
| | | Вкупно | 103,6 | 4,2 | **107,8** | 227,6 | 0,1 | **227,7** | 44,3 | 32,4 | 45,3 | **122,0** | 50,5 | 272,3 | 20,1 | **343,0** | 1,6 | 76,1 | 0,6 | 3,1 | **81,3** | 881,8 |
| 2016 | Вкупно | Полни | 35,4 | 0,0 | **35,4** | 153,6 | 0,2 | **153,8** | 30,5 | 16,2 | 17,6 | **64,6** | 64,6 | 103,1 | 7,8 | 175,6 | **0,5** | 52,8 | 0,0 | 0,7 | 53,9 | **483,0** |
| | | Празни | 79,0 | 6,2 | **85,2** | 60,5 | 0,1 | **60,7** | 23,6 | 18,5 | 25,4 | **67,5** | 23,9 | 99,2 | 13,1 | **136,2** | 1,7 | 38,5 | 0,4 | 3,4 | **43,9** | 393,6 |
| | | Вкупно | 114,4 | 6,2 | **120,6** | 214,2 | 0,4 | **214,5** | 54,2 | 34,7 | 43,0 | **131,8** | 88,5 | 202,4 | 20,9 | **311,8** | 2,1 | 88,3 | 0,4 | 4,2 | **97,8** | 876,6 |

**ВКУПЕН ПРОМЕТ НА ТМВ ПО ГРАНИЧНИ ПРЕМИНИ (ВО ИЛЈАДИ)**

со земјите членки на ЦЕФТА во 2016 година изнесува 53 милијарди денари (13,5% од вкупно остварениот промет со преференцијално потекло) и бележи зголемување во однос на размената со овие земји што е остварена во 2015 година ( 51 милијарди денари). Трговската размена со Србија учествува со најголем процент од прометот со преференцијално потекло остварен со земјите членки на ЦЕФТА.

## Промет на товарни моторни возила (ТМВ) на граничните премини

Во 2016 година на граничните премини за патен сообраќај транзитирале вкупно над 876 илјади ТМВ (околу 483 илјади полни и 393 илјади празни ТМВ). Најголем промет е остварен на граничните премини со Грција - околу 312 илјади ТМВ (36%).

## Обработени царински декларации

Во 2016 година беа обработени 986,1 илјади царински декларации – декларации за **увоз** како најбројни (44,9% од вкупно обработените декларации), декларации за **транзит** (31,63%), декларации за **извоз** (20,75%) и декларации за **повторен извоз** (2,72%). Декларациите што се поднесени за **поедноставените постапки** учествуваат со 27,17% од вкупниот број на извозни и увозни царински постапки (декларации за поедноставени постапки во извоз - 42,86% и декларации за поедноставени постапки во увозот -19,92%). Во 2016 година вообичаено доминираше **патниот сообраќај** со околу 94,2% од вкупно обработените царински декларации. **Железничкиот сообраќај** учествуваше со 0,46%, а **авио-сообраќајот** со 3,2%.



**БРОЈ НА РЕАЛИЗИРАНИ ЦАРИНСКИ ПОСТАПКИ ВО 2016 (во илјади)**

| Вид на царинска постапка | 2015 Вкупно | 2016 Вкупно |
|---|---|---|
| **Транзитна** | **320,7** | **311,9** |
| **Извоз** | **189,5** | **204,6** |
| Редовен извоз | 109,0 | 113,8 |
| Поедноставена постапка при извоз | 77,8 | 87,7 |
| Привремен извоз | 2,7 | 3,1 |
| **Увоз** | **442,4** | **442,8** |
| Редовен увоз | 302,4 | 323,5 |
| Поедноставена постапка при увоз | 108,1 | 88,2 |
| Царинско складирање | 7,3 | 7,0 |
| Привремен увоз | 21,6 | 21,4 |
| Увоз на привремено извезена стока | 2,85 | 2,8 |
| **Повторен извоз** | **27,6** | **26,8** |
| **Вкупно** | **980,0** | **986,1** |

# 5. ПРИХОДИ

***Една од основните надлежности на ЦУРМ согласно Законот за Царинска управа е да врши пресметка и наплата или враќање на извозни и увозни давачки, даноци и други јавни давачки и надоместоци од увоз, извоз или транзит на стока.***

Давачките кои ги администрира ЦУРМ се:

- ✓ царина,
- ✓ ДДВ од увоз,
- ✓ акцизи (производство, увоз и промет)
- ✓ надоместоци.

Приходите кои ги наплатува ЦУРМ се дел од вкупните даночни приходи на Буџетот на РМ.

## ОСТВАРЕНИ ПРИХОДИ ВО 2016 ГОДИНА

Царинската управа на Република Македонија ја заврши 2016 година со вкупно остварени приходи во износ од 72,9 милијарди денари, што претставува за 8,5%, односно за 5,7 милијарди повеќе од приходите во 2015 година.

Во 2016 година Царинската управа наплати за 5,5%, односно за 3,8 милијарди денари повеќе од планираното за наплата. Односно, за 2016 година беше планирано да се наплати 69,5% од даночните приходи во буџетот на Република Македонија, а наплатени се 73,3% од истите.

Во однос на реализираните приходи во 2015 година, во 2016 година остварено е значително зголемување на наплата на сите видови на давачки. Ова зголемување е остварено при зголемување на вредноста на увозот од само 1,8%.



Планирано учество на приходите на ЦУРМ во вкупните даночни приходи за 2016 година по ребаланс




Во 2016 година во однос на наплатените приходи остварена е:

<u>зголемена наплата на</u>:

- Акциза за +11,7 %,
- Царина за +9,9 %,
- Надоместоци за +8,4 %
- ДДВ при увоз за +6,5 %

Удел на реализирани приходи на ЦУРМ за 2016 во однос на планираните даночни приходи за 2016




## Царина

Во периодот јануари-декември 2016 година, остварен е вкупен приход од царина од **4.760,74** милиони денари. Овој износ е:

помал за - **3,2 %** во однос на <u>планираниот</u> од 4.918,00 милион денари, и

поголем за + **9,9 %** во однос на <u>остварениот во 2015</u> година во износ од 4.330,39 милиони денари.

## ДДВ

Во периодот јануари-декември 2016 година остварен е вкупен приход од ДДВ од увоз од **42.098,25** милиони денари. Овој износ е:

поголем за +**3,6 %** во однос на <u>планираниот</u> од 40.647,00 милиони денари, и

поголем за +**6,5 %** во однос на <u>остварениот во 2015</u> година во износ од 39.538,72 милиони денари.

## Акцизи

Во периодот јануари-декември 2016 година, остварен е вкупен приход од акциза од **25.402,09** милиони денари. Овој износ е:

поголем за **+10,7 %** во однос на <u>планираниот</u> од 22.949,56 милиони денари, и

поголем за **+11,7 %** во однос на <u>остварениот во 2015</u> година во износ од 22.736,51 милион денари.

## Надоместоци

Во периодот јануари-декември 2016 година, остварен е вкупен приход од надоместоци од **680,72** милиони денари. Овој износ е:

повисок за **+7,2 %** во однос на <u>планираниот</u> од 635,00 милиони денари, и

повисок за +**8,4 %** во однос на <u>остварениот во 2015</u> година во износ од 628,10 милиони денари.

# 6. КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

*Освен што е важна алка во синџирот на поддршка на меѓународната трговија, секоја современа царинска служба игра исклучително важна улога во безбедносниот систем на својата држава и во организираното заедничко делување со другите царински служби за гарантирање на безбедноста и сигурноста. Царинската управа на Република Македонија посветено превентивно и репресивно настапува на овој план, со доследно придржување кон принципите што произлегуваат од нејзината важна улога во спречување на царински прекршоци и кривични дела, собирање на разузнавачки информации и спроведување на истрага во врска со царински прекршоци и кривични дела, сузбивање на недозволената трговија со забранета стока, наркотици, производи поврзани со тероризам и стоки и технологии со двојна намена, борба против фалсификувањето и пиратеријата и заштита на животната средина и културното наследство.*

### Унапредување на административниот капацитет

***Преку имплементација и воведување на нови, современи внатрешни процедури и детално разработување на внатрешните процеси со упатства, процедури и други акти во областа на спречување на нелегалната трговија, селектирање на патници, проверка на документи, царинска или надворешна контрола на трговски друштва, постапување при приведување, лишување од слобода и задржување на осомничени лица итн., и во 2016 година Царинската управа дополнително ги зајакна своите административни капацитети, со што се постигна реална оптимизација на работењето.***

### Управување со ризици

Значаен придонес за успешното работење на Царинската управа има и управувањето со ризик при увоз (насочените контроли) кое резултира во подобри резултати со помалку извршени контроли. Иако изгледа контрадикторно, со помал број на извршени физички и документарни контроли на стока во царинска постапка се наплаќаат повеќе давачки. Постепено, во последните две години, процентот на физички преглед на стока е намален од околу 30% на приближно 8,8%. Тоа е постигнато со подобрување на системите за управување со ризик, односно прецизно насочување на контролите кон ризичните пратки каде се можни неправилности. На овој начин се подобрува и управувањето со човечките ресурси со кои располага Царинската управа и значително се забрзува постапката за компаниите. Согласно воспоставениот Административен договор за транзитниот информациски систем за борба против измами (Anti-Fraud Information System-ATIS) помеѓу Царинската управа на Република Македонија и Канцеларијата на Европската унија за борба против измами (OLAF), кој се однесува на размена на информации во борбата против измами во транзитната постапка, овој систем како ефективна алатка за анализа и проценка на ризик и борба против измами во транзит почна да се применува во Република Македонија. Истиот го употребуваат земјите членки на ЕУ и ЦЕФТА кои пристапиле кон Конвенцијата за заеднички транзит и Новиот компјутеризиран транзитен систем на ЕУ.

### Царинска и друга контрола

### Физичка царинска контрола

Во 2016 година царинските службеници имаа 644 успешни наоди, при што се за-



пленети околу 300 кг. дрога, 2,5 милиони парчиња цигари, 2,5 тони тутун, девизи во противвредност од 1,3 милиони евра, 12 кг. златен накит и 30 кг. сребрен и друг накит, 1.200 литри алкохолни и безалкохолни пијалоци и др.

## Откриени случаи на нелегална трговија со наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурзори

Во 49 акции спроведени во 2016 година успешно беа спречени обиди на шверц на околу 290 килограми опојни дроги.



34 кг. марихуана откриени на граничниот премин Дојран, во патни торби скриени во товарот во полуприколката на македонски камион што е пријавен за излез од државата



4,5 кг. хероин откриени во дупло дно на куфер, сопственост на турски државјанин кој пристигнал од Истанбул на Аеродромот „Александар Велики“ во Скопје



Мобилните тимови на граничниот премин Блаце пронајдоа 27 кг. марихуана, во бункер направен по целата должина на албански автомобил



При заедничка акција со МВР, во камион пријавен за увозно царинење на царинскиот терминал Скопје 3, во ПВЦ прозорци се пронајдени околу 70 кг. марихуана

## Откриени случаи на шверц на цигари и други тутунски производи

Во 63 акции извршени минатата година спречен е шверц на 2,45 милиони парчиња цигари и 2.5 тони тутун.



100 кг. тутун за водено луле откриени на граничниот премин Блаце, на излез од државата



Во внатрешноста на државата, во близина на Скопје, при редовна контрола откриени се 250 илјади парчиња цигари

## Откриени случаи на нелегален пренос на готови пари и чекови

Царинските службеници во 2016 година спречија 76 обиди за шверц на девизи во противредност од околу 1,3 милиони евра.



458.000 чешки круни  и 25.000 евра откриени на граничниот премин Богородица, кај чешки и словачки државјани пријавени за излез од државата



46.000 евра откриени кај тројца турски државјани пријавени за излез од државата, на граничниот премин Богородица



39.400 американски долари откриени кај турски државјанин кој пристигнал на Аеродромот „Александар Велики" во Скопје

## Откриени случаи на нелегална трговија со злато и сребро

Спречени се 24 обиди на шверц на околу 11,6 килограми златен накит, околу 30 килограми сребрен и друг накит и околу 1.200 парчиња бижутерија.



При детална контрола на патник кој слетал на Аеродромот „Александар Велики" во Скопје, пронајдени се и привремено задржани 22 златни монети

## Откриени случаи на шверц на други видови стока

Во 2016 година се спречени 338 обиди на шверц на разна стока (во количина од околу 330 илјади парчиња, 14 метри, 1.092 килограми и 20 литри).



21 мобилен телефон и 5 рачни часовници откриени на Аеродромот „Александар Велики“ во Скопје

Спречени се 17 обиди на шверц на 17.400 лекови, ампули, стоматолошки и медицински материјали и помагала.



4.512 парчиња разни лекови откриени на граничниот премин Деве Баир, на влез во државата



687 парчиња лекови откриени при детална контрола на возило пријавено за излез на граничниот премин Блаце



1.680 парчиња лекови пронајдени при детална контрола на возило пријавено за влез во државата, на граничниот премин Јажинце

Спречени се и 34 обиди на шверц на 1.027 парчиња и 1.443 килограми прехранбени производи, додатоци во исхраната и 1.191 литри алкохолни и безалкохолни пијалоци.

Во 2016 година, во 22 случаи, спречен е шверц на 4.000 парчиња парфеми, козметика и средства за хигиена.

## Пријавени девизи

На граничните премини во 2016 година се пријавени девизни средства во противвредност од околу 11,2 милиони евра (11.126.329 евра на влез и 39.900 евра на излез од Република Македонија).

Во вкупно пријавените девизи, 9.371.514 се евра, 807.120 американски долари, 5.188 австриски шилинзи, 4.100 австралиски долари, 27.135 германски марки, 147.000 дански куни, 89.600 британски фунти, 3.000.000 јапонски јени, 580 кувајтски динари, 28.000 македонски денари, 665.000 норвешки круни, 104.370 шведски круни и 930.940 швајцарски франци.

## Контрола на акцизни стоки во внатрешен промет

Со цел заштита на потрошувачите од потенцијално небезбедни и опасни алкохол-



ни пијалоци, ефикасна наплата на акцизите во сите фази од прометот на акцизни производи и обезедување на еднакви услови за работа за сите учесници на пазарот на акцизна стока, Царинската управа во соработка со Управата за приходи во 2016 година изврши повеќе контроли на придржувањето кон прописите за обележување и употреба на контролни марки – бандероли во малопродажните и угостителски објекти кои вршат промет со акцизни добра.

Контролите резултираа во откриени и задржани акцизни стоки со или без бандероли, стоки за кои не е платена акциза и за кои не постојат документи за потекло и за здравствена исправност.

Во 16 случаи привремено се задржани 426 литри алкохолни пијалоци, околу 257.000 парчиња цигари и 2.000 килограми тутун.

## Документарна царинска контрола

Во 2016 година, во 33.451 случај се откриени несоодветни документи за царинење, од кои во скоро 95% од случаите се констатирани невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи поднесени со цел прикажување на пониска царинска вредност за пресметка на увозни давачки. Во 538 случаи царинските службеници открија невалидни сертификати за преференцијално потекло на стоките, во 712 случаи документи за несоодветно распоредување под тарифни ознаки, во 115 случаи  други несоодветни документи. Невалидни, фалсификувани и несоодветни документи најчесто се поднесуваат за избегнување на плаќање на увозни давачки и избегнување на мерките на трговска политика.

**РЕЗУЛТАТИ ОД ДОКУМЕНТАРНА ЦАРИНСКА КОНТРОЛА**

| Вид на документ | | | Фактури (пониска вредност) | Цертификати за преференцијално потекло | Несоодветно тарифно распоредување на стоката | Други документи за пресметка на увозни давачки | Други видови невалидни документи | Вкупно |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 2015 | Вкупно | Невалидни | 14,368 | 532 | 519 | 151 | 6 | 15,576 |
| | | Фалсификат | 0 | 1 | 0 | 76 | 0 | 77 |
| | | Други | 13,500 | 111 | 169 | 5 | 27 | 13,812 |
| | | Вкупно | 27,868 | 644 | 688 | 232 | 33 | 29,465 |
| 2016 | Вкупно | Невалидни | 15,590 | 440 | 523 | 113 | 3 | 16,668 |
| | | Фалсификат | 2 | 1 | 3 | 1 | 0 | 7 |
| | | Други | 16,490 | 97 | 187 | 1 | 1 | 16,776 |
| | | Вкупно | 32,082 | 538 | 712 | 115 | 4 | 33,451 |

Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 1 милијарда денари на име на увозни давачки.

## Царинска лабораторија

*Царинската лабораторија игра многу значајна улога во борбата против нелегалните активности и царинските измами, преку обезбедување на научно базирана експертиза што е потребна за спроведување на националната регулатива поврзана со царинската тарифа, распоредувањето на стоката и номенклатурата.*



Во 2016 година Царинската лабораторија изврши анализа на 489 мостри. Во 152 случаи е констатирано дека стоката е распоредена под несоодветна тарифна ознака. Со анализите е утврдено дека увозниците со несоодветното тарифирање се обиделе да избегнат царински давачки во износ од 8 милиони денари. Против сторителите се преземени соодветни законски мерки.

### Резултати од контрола по царинење

*Постцаринската контрола е контрола кај трговските друштва по спроведено царинење, а истата вклучува и надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки, акцизни дозволи и др.*

Во 2016 година извршени се 1.380 контроли на трговски друштва, при што се откриени повеќе случаи на обиди за избегнување на плаќање на увозни давачки во вкупен износ од 18,5 милиони денари.

### Кривични пријави и пријави за царински, девизни и акцизни прекршоци

Во 2016 година Царинската управа поднесе 101 кривична пријава против 116 физички и 40 правни лица (во 2015 година поднесени 110 кривични пријави, против 123 физички и 48 правни лица).

Поднесени се и 658 прекршочни пријави, од кои 544 пријави за царински прекршоци, 76 за девизни и 38 за акцизни прекршоци. Од вкупно поднесените пријави, 606 пријави се однесуваат на физички лица и 52 на правни лица. Во 2016 година решени се вкупно 704 прекршочни предмети и притоа на сторителите им е изречена глоба во износ од околу 219,2 милиони денари**.**

Во 2016 година се изречени 2.084 мандатни казни против 1.262 физички и 822 правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 21,52 милиони денари (во 2015 година изречени 2.848 мандатни казни, против 1.462 физички лица и 1.386 правни лица, со изречени казни во висина од околу 33,8 милиони денари).

### Учество во меѓународни активности

**Царинската управа и во изминатата година продолжи со учество во меѓународни акции, проекти, конференции и разни настани за унапредување на царинската соработка, организирани и реализирани за унапредување на капацитетот за спроведување на законските надлежности и обврски и откривање на нелегална трговија и економски криминал, како и за размена на знаење и искуства за олеснување на трговијата и транспортот.**

**РЕЗУЛТАТИ ОД КОНТРОЛА НА ТРГОВСКИ ДРУШТВА**

| Вид на контрола | 2015 Вкупно | 2016 Вкупно |
|---|---|---|
| Контрола на трговски друштва | 89 | 100 |
| Контрола на иматели на акцизни одобренија | 46 | 63 |
| Контрола на иматели на одобренија за увоз за облагородување | 240 | 85 |
| Контрола на иматели на одобрени за царинско складирање и ППЧ | 203 | 54 |
| Контрола на иматели на други одобренија со економски ефект | 13 | 1 |
| Контрола на поедноставени царински постапки | 557 | 963 |
| Контрола на иматели на одобренија за царинско застапување | 69 | 98 |
| Контрола на иматели на други одобренија | 14 | 15 |
| **Вкупно** | **1,231** | **1,380** |

Царинската управа во 2016 година зеде учество во 10 меѓународни операции:

- ECLIPSE – следење на нелегална трговија со тутун и тутунски производи, организирана од SELEC[1] центарот, во соработка со Царинската служба на Албанија;
- GLOBAL SHIELD - следење и откривање на нелегална трговија со хемикалии и други производи што може да се користат за производство на експлозиви и експлозивни направи, организиран од СЦО[2];
- GRYPHON II – следење на нелегална трговија со тутун и тутунски производи, организирана од СЦО;
- BALKAN TRIGER, насочена против нелегалната трговија со огнено оружје, муниција и радиоактивен материјал, организирана од Интерпол[3];
- PANGEA IX - идентификување и спречување на интернет-продажба на фалсификувани и нелегални лекови, организирана од Организациониот комитет составен од здравствени агенции и агенции за спроведување на законот од Канада, Франција, Ирска, Велика Британија и САД, Европол[4], Интерпол и СЦО, меѓународните форуми PFIPC[5] и WGEO[6] и институтот PSI[7];
- SMART CAT 2 – проект против криумчарење на нови психоактивни супстанции[8] кој ги опфаќа сите видови на транспорт на стока и патници, во организација на СЦО, координиран од Регионалната разузнавачка канцеларија за врска[9] за Азија и Пацифик (RILO AP) и од Регионалната разузнавачка канцеларија за врска за Источна и Централна Европа (RILO ECE);
- CHIMERA, прва фаза - против нелегална трговија со мали и лесни оружја, организирана од СЦО;
- CHIMERA, втора фаза - против нелегалното пренесување на готови пари и други платежни средства;
- ORION 3 - спречување на ловот и нелегалниот транспорт и трговија со загрозени и заштитени животни, ловокрадството, користењето на забранети методи на лов и нелегалниот транспорт и трговија со ловечки трофеи, организирана од SELEC;
- MIRAGE 2016 - против нелегална миграција и криумчарење мигранти (Учесници во операцијата организирана од SELEC се земјите членки на SELEC);
- Western Balkan Action Day 2016 - подготвителен состанок за Оперативната акција (ОА) 2.1 за борба против трговија со оружје, во рамките на Empact[10] Firearms[11] иницијативата, одржан во Хаг -Холандија, во организација на Европол;

### Заштита на права од интелектуална сопственост

**Царинската управа на Република Македонија постојано работи на унапредување на системот на царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост, исполнувајќи ги своите надлежности во согласност со Законот за царински мерки за заштита на правата од интелектуална сопственост. Спречувањето на шверцот на фалсификувани производи е од големо значење бидејќи со тоа во голема мера се штитат здравјето на граѓаните и животната средина.**

На крајот на 2016 година 908 трговски марки имаа регистрирани барања за царинска заштита на нивните права од интелектуална сопственост (на крајот на 2015 година, 673 регистрирани трговски марки што бараат царинска заштита на права на интелектуална сопственост).

---

1 SELEC – South European Law Enforcement Center (Центар за спроведување на законите во Југоисточна Европа)
2 СЦО – Светска царинска организација
3 ИНТЕРПОЛ – Меѓународната организација за криминалистичка полиција
4 Европол (Европската полициска агенција) е агенција за криминалистичко разузнавање на Европската Унија.
5 PFIPC (Permanent Forum on International Pharmaceutical Crime) е Постојан форум за меѓународен фармацевтски криминал.
6 WGEO (Working Group of Enforcement Officers) – Работна група на извршни службеници.
7 PSI (The Pharmaceutical Security Institute) – Институт за фармацевска безбедност е непрофитна организација посветена на заштита на јавното здравје, размена на информации за фалсификување на лекови и иницирање на извршни дејства преку соодветни органи.
8 NPS – New Psychoactive Substances
9 RILO (Regional Intelligence Liaison Offices) – Регионални разузнавачки канцеларии за врски на СЦО
10 EMPACT (European Multidisciplinary Platform against Criminal Threats) – Европска мултидисциплинарна платформа против криминални закани
11 Firearms – Огнено оружје.

Нови барања за заштита на права од интелектуална сопственост во Царинската управа се регистрирани за следните трговски марки:

FRED PERRY, EPSON, BRUT, GEZER, BOSE, PEGASYS, MABTHERA, RECORMON, PINK PANTHER, LA SENZA, VAN CLEEF, HERCEPTIN, PULMOZYME, FACEBOOK, GUESS, GUESS?, FLIGHT SERIES, NEVER STOP EXPLORING, ALLERGAN, BOTOX, JUVENTUS, AMARIGE, EXTRAVAGANCE, EYE FLY, ZEGNA, MINI, ZIPPO, FORMULA 1, F1, ZLATO POLJE, EB, TOD'S, HOGAN, NBA, F (stylized), HUMMEL, TALKING ANGELA, TALKING TOM, TALKING BEN, SCRABBLE, FINISH, RAFFAELLO, NUTELLA, TIC TAC, KINDER BUENO, CHEVROLET, GM, MONCLER. FERRAGAMO, SALVATORE FERRAGAMO, UGG, KOLID, SUNDAY, JEEP, JEEPSTER, GRAND, MILKA, ESCADA, BOSS, BOSS HUGO BOSS, BOSS WOMAN, BOSS HUGO BOSS INTENSE, HUGO BOSS DARK BLUE, HUGO BOSS WOMAN, BOSS ORANGE, CANON, VW, BEETLE, POLO, GOLF, PASSAT, VOLKSWAGEN, COLGATE, PALMOLIVE, PALMOLIVE NOURICHE, PALMOLIVE INVISIBLE, PALMOLIVE THERMAL SPA, LADY SPEED STICK 24/7 FRESH & LIGHT, LADY SPEED STICK IR (7913), KOLYNOS, LAMBORGHINI, AJAX PROFESSIONAL EXTRA POWER, ASICS, TIGER, BOGNER, FIRE & ICE BOGNER, ISKRA, V'A VOLTA, ELIE SAAB, ISEY MIYAKE, NARCISO RODRIGUES, MSD MERCK SHARP & DOHME, SWATCH AG, ONLY THE BRAVE, OMEGA, BEATS BY DR. DRE, ICE WATCH, OPEL, HYUNDAI DRIVE YOUR WAY, ELISABETTA FRANCHI, NEW BALANCE, TAÇ, ТАЧ, WINSTON AMERICAN FLAVOR, SMIRNOFF, JOHNNIE WALKER, J&B, GORDONS, HAIGS WHISKY, POKEMON, BIO-OIL, LIPIDOL, PURCELLIN OIL, CAPTAIN MORGAN, FENDI, HUNTER, DEFENDER, EVOQUE, JAGUAR, DISCOVERY, FREELANDER и ZOMLINGS.

Царинската управа и во 2016 година продолжи со успешно откривање и спречување на недозволената трговија и со посветена борба за заштита на правата од интелектуална сопственост преку различни активности и дејствија.

Во 154 спроведени акции привремено се задржани 814.384 парчиња стока, поради основано сомневање околу повреда на права од интелектуална сопственост.

Во 2016 година, 544 царински службеници беа регистрирани како корисници на IPM (Interfaced Public Member) платформата на СЦО. Оваа апликација е средство за ефикасно препознавање на оригиналноста на производите и за ефективно откривање и докажување на фалсификувани трговски марки.

# 7. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

## Односи со јавноста

Во време на континуирани промени и висок економски и технолошки развој, односите со јавноста сè повеќе се од суштинско значење за секоја институција и се дел од стратешките приоритети, во стремежот кон модернизација и развој на работењето. Воспоставените односи со јавноста влијаат на угледот на организацијата и допринесуваат за градење на довербата и соработката помеѓу институцијата и нејзината јавност.

Во таа насока, во текот на 2016 година објавени се 140 соопштенија за активностите на Царинската управа, воведените новитети во царинското работење и успешно спроведените акции за откривање на непријавена и фалсификувана стока и царински измами.

## Позначајни настани

### Одбележување на 26-ти Јануари - Светскиот ден на Царината

Меѓународниот ден на Царината – 26 Јануари во 2016 година се одбележа под мотото „Дигитална Царина: Прогресивен ангажман со цел да се истакне развојот на царинските служби на полето на информациско-комуникациските технологии и да се стави акцент на иновациите кои се застапени во доменот на царинското работење, како дел од глобалниот информатички развој“. По тој повод, на 26-ти јануари 2016 година директорката на Царинската управа на 10 царински службеници им додели пофалници од г-дин Кунио Микурија, генерален секретар на СЦО, за нивниот исклучителен ангажман на полето на имплементацијата на ИТ системите. Покрај тоа, за посебна соработка во доменот на имплементацијата на ИТ системите, континуирана соработка и електронско прибирање, размена и заштита на податоци поврзани со царинското работење, Царинската управа додели пофалници и на 10 институции, во знак на благодарност за успешното соработување.



## Промотивни кампањи

Царинската управа како општествено одговорна институција во континуитет презема активности за поголемо и поблиско запознавање на јавноста со улогата што ја има Царинската управа во општеството и активностите преземани од нејзина страна во рамки на заштитната и фискална улога во државата. Во таа насока Царинската управа во 2016 година спроведе три промотивни кампањи.

**Во првата кампања Царинската управа со презентации во средните училишта ја запозна младата популација со штетните последици од консумирање и криумчарење на дрога.** Во февруари 2016 година се одржаа презентации за подигање на јавната свест за последиците од неовластено производство, трговија, транспорт и консумирање



на дрога, во 3 средни училишта (во Скопје, Тетово и Прилеп), со цел пораката да стигне до што поголем број млади луѓе.

**Втората промотивна кампања спроведена под слоганот „Не за нелегални алкохолни пијалоци“** започна во мај 2016 година, со прес конференција на која беа презентирани резултатите од контролите




на акцизни добра во малопродажба. Целта на оваа кампања беше да се подигне јавната свест за потенцијалниот ризик од консумирањето на нелегален алкохол, пред сè од здравствени причини. Во брошурите дистрибуирани за време на кампањата се укажа зошто, каде и како се произведува и продава нелегален алкохол, кои се ризиците од негово консумирање, како да се препознае нелегално произведен алкохол и каде да се пријави нелегална продажба.

**Третата промотивна кампања опфати неколку активности за информирање на патниците за нивните права и обврски.** Царинската управа ваков вид на кампања



обично спроведува во период на летни одмори и голема фреквенција на патници на граничните премини и таа пракса беше применета и во 2016 година. За време на летните одмори организирани беа повеќе активности за информирање на патниците кои влегуваат во, излегуваат од или транзитираат низ Република Македонија, во врска со нивните права и обврски, со цел да се овозможи брза, безбедна и олеснета царинска контрола.

## Општествена одговорност

### Крводарителска акција

127 царински службеници ја покажаа својата хуманост и донираа крв во крводарителската акција организирана во рамки на одбележување на царинскиот празник.

### Хуманитарна помош за 13 социјално загрозени семејства

На сопствена инцијатива царинските службеници организираа акција за донирање на хуманитарна помош во храна и хигиен-

ски производи за 13 социјално загрозени семејства.

### Хуманитарна акција за вработените на Царинската управа кои претрпеа значителни штети од поплавите

Својата хуманост, добронамерност и колегијалност царинските службеници ја покажаа и со успешно спроведената хуманитарната акција за донирање на парични средства за вработените на Царинската управа кои претрпеа значителни штети од поплавите во подрачјата на скопскиот и тетовскиот регион за кои беше прогласена кризна состојба со Одлука на Владата на Република Македонија.

### Учество во акцијата „Ден на дрвото - засади ја својата иднина!“



Царинската управа, како во сите досегашни акции, активно се вклучи и во осумнаесеттата по ред акција „Ден на дрвото – Засади ја својата иднина!“, реализирана на 30 ноември 2016 година, под мотото „Засади еко иднина!“.Царинските службеници организираа активности за засадување на садници на сите гранични премини, а голема поддршка на акцијата дадоа и претставници на другите погранични служби, како од Република Македонија, така и од соседните земји.

### Склучени меморандуми за соработка

Во февруари 2016 година беше потпишан Меморандум со **Стопанската комора на Северозападна Македонија.** Главните цели на меморандумот беа организирање на обуки за бизнис заедницата и согледување на потребата и дефинирање на темите за нивна реализација.



Во ноември 2016 година беше потпишан Меморандум со **Агенцијата за лекови и медицински средства,** како поттик за интензивирање на взаемната соработка во делот на царинското законодавство и законодавството со кое се регулира контролата на лековите и медицинските средства. Целта на меморандумот е да се овозможи високо ниво на заштита на населението од аспект на безбедност на лековите, медицинските средства, производите и препаратите кои содржат опојни дроги и психотропни супстанции, како и олеснување, поедноставување и побрз меѓународен проток на овој вид на стока.



Во ноември 2016 година беше потпишан и Меморандум со **Државниот инспекторат за земјоделство,** со цел ефикасно и координирано делување на двете институции во делот на царинските прописи и про-



писите со кои се регулира контролата на земјоделските производи. Меѓу другото се пропишува и размена на информации за непречено, редовно и безбедно одвивање на контролата на земјоделските производи и други објекти и предмети, производи за заштита на растенијата, ѓубрива, биостимулатори и подобрувачи на својствата на почвата, семе и саден материјал за земјоделски растенија.

## Царинска соработка

### Советодавно тело

Партнерството помеѓу Царинската управа и деловната заедница се остварува преку работата на Советодавното тело кое претставува форум на размена на меѓусебни мислења. Во 2016 година Советодавното тело[12] одржа состаноци на кои се разгледаа повеќе актуелни прашања од областа на царинското работење и барања на деловната заедница. На претставниците на деловната заедница им беа презентирани предностите од поднесување на електронско барање за пристап кон ИКТ системите на Царинската управа со користење на еден единствен образец. На состанок на Советодавно тело уште еднаш беше промовирана можноста за безготовинско плаќање, со што се обезбеди квалитетна и брза услуга за граѓаните. Исто така беше најавена  новата Процедура за правилно утврдување и евидентирање на нормативот кај текстилната индустрија и беше укажано на ефектите од примената на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу ЕУ и Косово, во насока на примена на дијагонална кумулација на потекло помеѓу ЕУ, Македонија и Косово.

### Средби со бизнис заедницата

Во насока на продлабочување на соработката со бизнис заедницата, Царинската управа организираше работни состаноци во сите регионални царинарници (Битола, Скопје, Куманово, Штип и Гевгелија), како и на централно ниво. На состаноците присуствуваа околу 100 претставници на компании со дејност од областа на текстилната индустрија, кои применуваат т.н. „лон“ производство, производители и увозници на акцизни добра, транспортни и шпедитерски компании, претставници на компании – странски инвеститори, како и претставници на странски компании кои имаат намера да започнат со работа во Република Македонија.



Во рамките на редовните активности за ефикасно спроведување на една од основните надлежности за олеснување на трговијата и овозможување на брз, ефикасен и непречен увоз, извоз и транзит на стока, Царинската управа во декември 2016 година одржа работен состанок и со шпедитерските компании од територијата што е во надлежност на Царинарница Гевгелија, на кој беа разменети мислења, ставови и предлози во врска со царинските и другите прописи и нивната примена во секојдневното работење.

### Царинската управа го обнови Сертификатот за ISO 9001:2009

За обнова на сертификатот за применет стандард за Систем за менаџмент со квалитет (кој Царинската управа го доби на 13 декември 2013 година), во ноември 2016 година беше извршена сертификациска проверка на исполнетоста на барањата на меѓународниот стандард ISO 9001:2008 во Царинската управа, од страна на сертификационото тело МКД Сертификат. По завршување на истата, Царинската управа беше оценета со највисока оценка и беа забележани значајни промени

[12] Советодавното тело при Царинската управа  брои 13 членки - Царинска управа, стопански комори, АМЕРИТ, Групација на меѓународни шпедитери и логистички оператори, кластери

и подобрувања во воспоставените деловни процеси, а Сертификатот ISO 9001:2009 беше обновен за следните 3 години.

## Билатерална соработка

### Соработка помеѓу царинските администрации на Македонија и Албанија

Во јуни 2016 година, во Поградец - Република Албанија, се одржа билатерална средба помеѓу царинските служби на Република Македонија и Република Албанија. Состанокот беше во насока на зајакнување на соработката во рамките на Спогодбата за билатерална соработка помеѓу двете земји, воспоставена за взаемна помош и соработка. Се



дискутираше за унапредување на електронската размена на царински податоци со цел спречување на царински измами во двете земји, унапредување на соработката помеѓу царинските службеници на оперативно ниво при вршење на тековното царинско работење, координирање на активностите за олеснување на трговијата и безбедноста и соработка во имплементирање на современите компјутерски системи.

### Соработка помеѓу царинските служби на Република Македонија и Народна Република Кина

Во јуни 2016 година во Скопје се одржа билатерална средба помеѓу царинските управи на Република Македонија и Народна Република Кина. На состанокот на делегациите што беа предводени од г-дин Лу Бин, заменик министер на кинеската Царина и г-ѓа Наташа Радеска Крстевска, директор на Царинската управа на Република Македонија се разговараше за интересот и можностите за зајакнување на взаемната со-



работка воспоставена во рамки на Рамковниот договор за соработка во олеснувањето на царинењето помеѓу царинските служби на Кина, Унгарија, Србија и Македонија, потпишан во декември 2014 година. Беше нагласена потребата за успешна соработка помеѓу царинските служби, со цел зголемување на ефикасноста на контролите и истовремено олеснување на трговијата преку заеднички стремеж да се отстранат бариерите за трговија и да се подобрат царинските процедури.

### Билатерална средба помеѓу царинските служби на Македонија и Косово



Во септември 2016 година во Скопје се одржа билатерална средба помеѓу делегации на царинските управи на Република Македонија и Република Косово, предводени од директорите на двете служби. Претставниците на двете царински администрации изразија задоволство од досегашната соработка и заинтересираност за организирање на нови активности и размена на искуства, што ќе биде од заедничка полза.

### Билатерална соработка помеѓу царинските служби на Македонија и Србија

Во јуни 2016 година во Белград-Србија помеѓу царинските управи на Република



Македонија и Република Србија беше потпишан Протокол за спроведување на Спогодбата помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Република Србија за утврдување на граничните процедури за железничкиот граничен премин Табановце-Прешево. Во рамки на развиената билатерална соработка помеѓу двете царински служби во октомври 2016 година се одржа состанок на највисоко ниво во Скопје, чии теми на разговор опфатија и разгледување на инфраструктурните зафати на ГП Табановце, како и координирање на заедничките активности што се преземаат за олеснување на трговијата и безбедноста.



## Меѓународна соработка

### Конференција на директорите на царинските управи од Европскиот регион на СЦО

Во мај 2016 година делегација на Царинската управа на Република Македонија учествуваше на Конференцијата на директорите на царинските управи од Европскиот регион, што се одржа во Астана – Казахстан. Главен акцент беше ставен на ИТ системите чија употреба води кон прогресивен напредок и придонесува за поголема ефективност и ефикасност во работењето и олеснување на трговијата, транспортот и современа размена на информации.

### Регионална работилница за примена на Спогодбата за олеснување на трговијата

Делегација од Царинска управа зеде учество во Втората регионална работилница за примена на Спогодбата за олеснување на трговијата, која се одржа од 1 – 3 јуни 2016 година, во Стокхолм-Шведска. Целта на работилницата беше земјите членки на СТО од регионот на Европа поблиску да се запознаат со состојбата околу ратификацијата и спроведувањето на одредбите од спогодбата и да се утврдат идните насоки на дејствување на сите државни институции кои имаат надлежности во меѓународната трговија и приватниот сектор.

### Седница на Советот на Светската царинска организација

Делегација на Царинската управа присуствуваше на 127-та/128-та седница на Советот за царинска соработка, што се одржа од 14 до 16 јули 2016 година во Брисел. На



седницата приоритет беше ставен на безбедноста и борбата против недозволената трговија и тероризмот. Беше истакнато сè поголемото значење од воспоставување на мрежа за борба против криумчарење на културното наследство (пред сè во зоните каде постои конфликт), што треба да придонесе за зачувување на светската меморија, но и спречување на финансирањето на терористичките активности.



### Учество на семинар за олеснување на трговијата во Република Кореја

Во август 2016 година претставници на Царинската управа учествуваа на семинар на тема „Олеснување на трговијата и Дигитална Царина”, реализиран во организација на Царинската служба на Република Кореја. Организаторот и царинските администрации учеснички, со презентации и споделување на знаење и искуства го потврдија заедничкиот стремеж да овозможат натамошно олеснување на трговијата преку воведување и користење на информациски технологии




и модернизирање на царинските постапки. На настанот беа презентирани веќе преземените мерки за олеснување на трговијата, активностите што се спроведуваат во борбата против тероризмот, воведувањето на едношалтерскиот систем и концептот на овластен економски оператор, како и унапредувањето на системот за анализа на ризик.

### Семинар „Е-трговијата како можност или предизвик за царинските служби на Европската унија“

Делегација на Царинската управа на Република Македонија, заедно со високи претставници на царинските администрации од земјите членки на ЕУ, зеде учество на семинарот „Е-трговијата како можност или предизвик за царинските служби на Европската унија“, одржан во октомври 2016 година, во Краков – Полска. Целта на семинарот беше учесниците да заземат заеднички и координиран пристап кон предизвиците кои произлегуваат од е-трговијата и можностите за нивно успешно надминување (осврт даден и кон е-трговијата кај пратките со мала вредност што ги пренесуваат поштите и брзите курирски пошти, кај кои секоја година се бележи зголемување за 10 до 15 проценти, а паралелно со тоа значително се зголемуваат и загубите во наплатата на увозните давачки).

### Интернет и интранет

Во 2016 година интернет страницата на Царинската управа беше посетена од вкупно 178.545 корисници. Од страна на корисниците минатата година беа испратени 829 прашања, жалби и сугестии, по кои е соодветно постапено.

На интернет страницата беа објавени 388 содржини на македонски, англиски и албански јазик. На интранет порталот на Царинската управа во 2016 година објавени се 906 информации, а се остварени над 130 илјади посети.




## Отворена царинска телефонска линија (197)

Преку отворената царинска телефонска линија (197) во 2016 година беа добиени вкупно 8.243 повици, или во просек 23 повици на ден и тоа: А“[13] класа – вкупно 18 повици, „Б“[14] класа – 31 повик и „С“[15] класа – 736 повици и „Ј“[16] класа – вкупно 40 повици. Примените повици во најголем број се однесуваат на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави, како и на спроведувањето на одделни царински постапки. Како резултат на процесирање на добиените повици на отворената царинска линија извршени се контроли од страна на граничните и внатрешните царински испостави, како и од мобилните тимови, а надлежните служби извршија обработка, анализа и истрага во доменот на нивното работење.

---

13 „А“ класа се информации кои бараат неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа.

14 „Б“ класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа.

15 „С“ класа се информации што не можат да се користат, односно се повици за пријава на застои од страна на превозни компании, поплака или пофалба на царински процедури.

16 „Ј“ класа информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници.